РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1561/2

03-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница, продолжение, одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1561/1 од 14.04.2021 година, против ---------- и ----------- од ---------- и ДПТУ ------------ ДОО Ново Село **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежнот да постапува поради тоа што станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, воедно лицата кои се пријавени не се службени лица во смисла на член 8 став 2 од истиот закон.

Предметот со број 12-1561/1 од 14.04.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 14.04.2021 година, поднесена е пријава против ------------ и --------- од ----------- и ДПТУ ----------- ДОО --------- и оформен е предмет број 12-1561/1 од 14.04.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека погоре пријавените лица го завземале водотекот на река КП.БР------------ во сопственост на реките на РСМ, а која е во близина на фармата за марихуана во с.------------. Со ова дејствие им штетат на посевите на селаните од село ------------. Пријавата е доставена и до јавен правобранител на РСМ, ЈО на РСМ, Министерство за здравство, Влада на РСМ.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, во конкретниот случај на Државен инспекторат за животна средина, по што оцени дека нема надлежност за постапување а предметот да се достави на надлежно постапување до наведениот орган.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М -Виш соработник
Одобрил: СПД – Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk